Скопски пазар АД во приватна сопственост
за услуги во прометот и трговија увоз – извоз
Бр. 02-1411/29-1/ 03.09.2024 година
Скопје

Согласно член 455, член 456, член 457, член 460 и член 460-а од Законот за трговски друштва, како и член 85 и член 87 од Статутот на Скопски пазар АД Скопје, Собранието на акционери на Скопски пазар АД Скопје на седницата одржана на ден 03.09.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за задолжување, заложување на недвижен и подвижен имот**
**и обезбедување со меници**
**(Голема зделка со заинтересирана страна)**

Член 1

Друштвото како корисник – должник со Комерцијална банка АД Скопје имаат склучено Договор за рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право, заведен кај доверителот под број 02-1630- 905/1/18.03.2015 од 18.03.2015 година, Анекс бр. 1 Договорот за рамковен револвинг кредит лимит врз основа на заложно право заведен кај доверителот под број 02-1630- 3787 /1/12.10.2016 со рок до 12.10.2021 година и Анекс бр. 2 кон Договорот за рамковен револвинг кредит лимит врз основа на заложно право заведен кај доверителот под број-02-110-279/2/10.04.2019 на износ од Еур. 8.700.000,00

Се дава согласност за склучување и реализација на голема зделка со заинтересирана страна која се состои во задолжување на Друштвото и склучување на Анекс бр.3 кон Договорот за рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право со кој ќе се зголеми рамковниот кредит лимит до 33.000.000,00 ЕУР, ќе се продолжи рокот на рамковниот кредит лимит до 12.10.2029 година, се дополнува обезбедувањето со недвижен и подвижен имот сопственост на СКОПСКИ ПАЗАР акционерско друштво во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија извоз-увоз Скопје, се брише дел од заложениот имот и се обезбедува со 3 (три) бланко сопствени акцептирани меници со менична изјава-согласност Банката да ги пополни и употреби за наплата без протест, уредени со нотарски акт и клаузула за извршност - акцептирани и трасирани од СКОПСКИ ПАЗАР АД Скопје.

Се дава согласност заради обезбедување на побарувањето на Комерцијална банка АД Скопје врз основа на Договорот и Анексите кон Договорот цитирани во став 1 и 2 од член 1 на оваа Одлука како и поединечните договори кои ќе се склучат врз основа на Договорот за РРКЛ како и оние поединечни договори склучени пред датумот на Договорот за РРКЛ кои со анекси кон договорите ќе се вклучат во Договорот за РРКЛ, кои се сметаат за составен дел на Договорот за РРКЛ, Друштвото да заснова заложно право врз недвижен и подвижен имот и тоа:

- **Залог на недвижен имот** евидентиран во следниве имотни листови:

ИЛ 92763 КО Ѓорче Петров 6-Ѓ.Петров, ИЛ 5010 КО Карпош, ИЛ 27026 КО Карпош, ИЛ 42440 КО Карпош, ИЛ 54016 КО Центар 1, ИЛ 54182 КО Ѓорче Петров 4- Влае, ИЛ 24699 КО Сингелиќ 1, ИЛ 26062 КО Сингелиќ 1, ИЛ 8816 КО Бутел, ИЛ 100637 КО Бутел, ИЛ 8883 КО Гази баба, ИЛ 1077 КО Гази Баба, ИЛ 1782 КО Ресен, ИЛ 45332 КО Кисела Вода 2, ИЛ 45355 КО Кисела Вода 2, ИЛ 45356 КО Кисела Вода 2, ИЛ 45354 КО Кисела Вода 2, ИЛ 40570 КО Кисела Вода 2, ИЛ 47594 КО Центар 1, ИЛ 9140 КО Центар 1, ИЛ 31490 КО Кисела Вода 1, ИЛ 92246 КО Битола 1/2, ИЛ 15128 КО Битола 1/2.

- **Залог на подвижен имот** - опрема која е во функција на деловниот објект на бул. Ј.Сандански бр. 109 А Скопје детално опишана во Листа која е прилог кон Проценка број 12295.03 за вредноста на подвижен имот изработена од страна на стручната служба на Банката,

- **Залог на подвижен имот** – опрема и комплет фотоволтаична централа која се наоѓа во деловниот центар СП Планет детално опишана во Листа која е прилог кон Проценка број 6561.09 за вредноста на подвижен имот изработена од страна на стручната служба на Банката,

- **Залог на подвижен имот** - опрема за ладење и греење, климатизација и комплет фотоволтаична централа која се наоѓа во објект на ул. Московска бб Скопје детално опишана во Листа која е прилог кон Проценка број 21870 за вредноста на подвижен имот изработена од страна на стручната служба на Банката,

Се дава согласност Друштвото СКОПСКИ ПАЗАР акционерско друштво во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија извоз-увоз Скопје да издаде 3 бланко сопствени акцептирани и трасирани меници со клаузула без протест потпишани од овластени лица, со менична изјава - согласност Банката да ги потполни и употреби за наплата без протест, уредени во форма на Нотарски акт и клаузула за извршност, акцептирани и трасирани од страна на Друштвото СКОПСКИ ПАЗАР акционерско друштво во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија извоз-увоз Скопје и заради обезбедување на побарувањето на Комерцијална банка АД Скопје врз основа на Договорот и Анексите кон Договорот за РРКЛ цитирани во став 1 и 2 од член 1 на оваа Одлука и сите поединечни договори одобрени врз основа на Договорот и Анексите кон Договорот за РРКЛ.

Друштвото е согласно промените со Анексот бр.3 кон Договорот цитиран во став 2 од член 1 на оваа Одлука да бидат запишани во Заложниот Регистар и во Агенцијата за катастар во кој веќе е запишано заложно право во корист на Банката.

Собранието на акционери на СКОПСКИ ПАЗАР акционерско друштво во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија извоз-увоз Скопје, потврдува и одобрува дека согласно Законот за трговски друштва, склучувањето на Анексот бр. 3 кон Договорот за рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право како резултат на оваа Одлука на износ од Еур. 33.000.000,00 е зделка над 50,0% односно истата изнесува 66,51 % од книговодствената вредност на имотот по последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото и истата преставува истовремено голема зделка и зделка со заинтересирана страна.

Се овластува Претседателот на Управниот одбор и Генерален директор со неограничени овластувања на Друштвото СКОПСКИ ПАЗАР акционерско друштво во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија извоз-увоз Скопје во име и за сметка на Друштвото да го склучи и потпише **Анексот бр. 3 кон Договорот за рамковен револвинг кредит лимит врз основа на заложно право на износ од ЕУР 33.000.000,00 заведен кај ЗАЛОЖНИОТ ДОВЕРИТЕЛ со рок до 12.10.2029 година** како и поединечните договори и анекси кои ќе се склучат врз основа на Договорот за РРКЛ и Анексите како и анексите кон договорите со кои поединечните договори склучени пред датумот на Договорот за РРКЛ и Анексите ќе се вклучат во Договорот за РРКЛ, да го склучи и потврди пред нотар **Анексот кон Договорот за залог врз недвижен имот** со својство на извршна исправа потребен за запишување на заложното право во корист на Комерцијална Банка АД Скопје со сите извршни клаузули кои ги содржи тој Договор, **Анексот кон Договорот за залог врз подвижни предмети** со својство на извршна исправа потребен за запишување на заложното право во корист на Комерцијална Банка АД Скопје со сите извршни клаузули кои ги содржи тој Договор, **Нотарскиот акт за меници** со својство на извршност и меничните бланкети акцептирани и трасирани од Друштвото корисник на кредит кое гарантира со целокупниот недвижен и подвижен имот и со сите средства на сметките кај Банките, како и сета останата потребна документација за предметната правна работа пред надлежен Нотар.

Член 2

Заинтересирана страна во зделката опишана во член 1 на оваа одлука се лицето Фатмир Етеми и ЗСФ-КОМ ДООЕЛ Скопје. Фатмир Етеми е Претседател на Надзорниот одбор на Скопски пазар АД Скопје и истовремено е член на Надзорниот одбор на Комерцијална банка АД Скопје. ЗСФ-КОМ ДООЕЛ Скопје е компанија која е во 100% сопственост на лицето Фатмир Етеми каде истото лице е и управител, а воедно ЗСФ-КОМ ДООЕЛ Скопје е акционер во Скопски пазар АД Скопје со 38,76% од вкупниот број на издадени обични акции со право на глас.

Член 3

Страни и корисници во зделката се:

1. Скопски пазар АД Скопје во својство на должник
2. Комерцијална банка АД Скопје во својство на доверител

Член 4

Со донесување на оваа Одлука, се потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на одлуки согласно Статутот на Друштвото, Законот за трговски друштва и останатите законски одредби и дека дополнителни согласности од други органи и лица на Друштвото не се потребни, односно нема правни или било какви други пречки за реализирање на конкретната правна работа одобрена согласно оваа Одлука.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Постоечкиот Договор за рамковен револвинг кредит -лимит врз основа на заложно право склучен со Комерцијална банка АД Скопје е на износ од 8.700.00 ЕУР во денарска противвредност и истиот веќе некое време не кореспондира со финансиската кондиција на Скопски пазар АД Скопје ниту на работењето на Скопски пазар АД Скопје во последните неколку години. Зголемувањето на кредитната рамка на износ од 33.000.000 ЕУР во денарска противвредност ќе овозможи поголеми можности за развој на Друштвото, посебно во делот кај инвестиционите активности на Друштвото, а се со цел остварување на поголеми позитивни финансиски ефекти во иднина.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

ПРЕТСЕДАВАЧ

Акционерско друштво во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија СКОПСКИ ПАЗАР извоз-увоз Скопје